Република Северна МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВИНИЦА
ул. Бел Камен бр.13 - Виница 2310
Тел. 033 361 945
ovinica@t.mk www.vinica.gov.mk

ВИНИЦА

REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA
MUNICIPALITY VINICA
Str. Bel Kamen br.13 - Vinica 2310
Phone. +389 (0) 33 361 945
ovinica@t.mk www.vinica.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Бр.09 - 583
26.06.2023 год.
ВИНИЦА

Врз основа на член 27 точка 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ број 32/2020") и член 21 став 1 точка 7 од Статутот на општина Виница ("Сл.гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 12/2022"), Советот на општина Виница на 21-та седница одржана на ден 26.06.2023 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**За утврдување на ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА Блок 8 дел 1 и 2**
**Општина Виница**

Член 1

Се донесува Нацрт верзија за Детален Урбанистички план за Блок 8 дел 1 и 2. Планскиот опфат е помеѓу: ул. Илинденска, ул. Браќа Миладинови, ул. Димитар Влахов, новопланирана ул.2005, ул. Кочо Рацин, ул.Пролетерска, дел од ул.Плачковички одред и новопланирана ул.2005 - Општина Виница, Плански период 2021-2026.

Член 2

Според определбите во постојниот ГУП, планскиот опфат кој е предмет на изработка на овој Детален урбанистички план е Блок 8 и тоа дел 1 и 2, во град Виница, со површина од 15,85 ха. Со предметниот ДУП и веќе изработениот ДУП за Блок 8 дел 3, се комплетира Блок 8 како целина.

Член 3

Во важечкиот ГУП за град Виница, предметниот плански опфат ги опфаќа деловите 1 и 2 од Блок 8, во кои се предвидени следните класи на намени:

- А - домување, А1, А2, А3
- В - јавни институции В1, В4, В5
- Д - зеленило и рекреација, Д1 и Д3
- Е - инфраструктура, Е1 и Е2

Член 4

За продолжување на постапката за предметниот ДУП во системот е-урбанизам потребно е утврдување и одобрување на нацрт верзија од Советот на општината.

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница".

СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.геолог Ацо Ѓорѓиевски